WINNER
VIENNA INSURANCE GROUP

**АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ**
**ВИНЕР - ВИЕНА ИНШУРЕНС ГРУП СКОПЈЕ**

# ПОСЕБНИ УСЛОВИ

ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТА НА ПРЕВОЗНИЦИТЕ ВО ДРУМСКИОТ СООБРАЌАЈ
- **ПАКЕТ ЦМР ПЛУС**

**Септември 2013 година**

# ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТА НА ПРЕВОЗНИЦИТЕ ВО ДРУМСКИОТ СООБРАЌАЈ - ПАКЕТ ЦМР Плус

## ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ

**Член 1**

(1) Предмет на осигурување, по овие Посебни Услови претставува дополнителен опфатен ризик само со платена дополнителна премија - оштетување на делот на возилото наменето за товар, настанато од стоката преземена во превоз, со сума на осигурување **од 1.200 Евра**, воедно и максимална обврска на осигурувачот (Агрегат).

## ОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ (РИЗИЦИ)

**Член 2**

Осигурувањето по овие Услови дава осигурителна заштита од следниот ризик:

1. Оштетување на церада, елементи на кутијата на возилото, конструкција за церада и кутија на возилото, сендвич панели на ладилник, инсталации во товарен дел при манифестиран транспортен ризик :
   - Сообраќајна незгода или нејзино избегнување
   - Преврртување, изместување на товар, палета, сноп и сл.
   - Истекување на хемикалии, течности, масла , ...

2. Предуслов за прием во осигурување
   - Фотографии на товарен дел пред почеток на ризик

3. Исклучоци
   - Штети при утовар и истовар ( освен кај специјални возила наменети за превоз на возила, ако утоварот го врши лично возачот)

4. Обврски на осигуреникот
   - Фотодокументација на оштетувањето
   - Пријава на штета во рок од 3 дена по влез во РМ

5. Враќање на премија по овој дополнителен ризик, во однос на прекин на полиса (отуѓено возило, про-рата и сл.) не е дозволено.

## ВАЖНОСТ НА УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТА НА ПРЕВОЗНИЦИТЕ ВО ДРУМСКИОТ СООБРАЌАЈ

**Член 3**

Овие Посебни услови се само дополнување на Условите за осигурување на одговорноста на превозниците во друмскиот сообраќај , во однос на предметниот ризик.